МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА СТРУЧНА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА КВАЛИТЕТ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за стручна контрола на производството на саден материјал и формата и содржината на уверението за квалитет на саден материјал.

## Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на бела хартија во А4 формат и содржи: назив на овластена институција, назив на правно лице, адреса и седиште, општина, ЕДБС, име и локација на расадникот, за саден материјал чие производство е во тек, дрвен вид, количина, старост, категорија, број на уверението за потекло и начин или метод на производство (класично/контејнерско), потпис на барателот и место за печат.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Уверението од член 1 на овој правилник се издава на бела хартија во А4 формат и содржи: назив на овластена институција, архивски број и дата, податоци за производителот (назив и седиште на производителот, име и локација на расадникот), податоци за основниот материјал од кој е добиен репродуктивниот материјал (дрвен вид - латинско и народно име, тип на признат основен материјал, број на признатата единица од Регистарот на признат основен материјал и провениенциско подрачје - идентификациски код), податоци за репродуктивниот материјал

(потекло на репродуктивниот материјал и број на уверението за потекло, категорија на репродуктивниот материјал, тип на садниот материјал - сејанец/пресаденица, начин на производство - класично/контејнерско и вид на производство - генеративно/вегетативно), квалитет и класа на садниот материјал (старост на садниот материјал, средна височина на садниот материјал, средна дебелина на кореновиот врат, класа на садниците, намена на садниот материјал, количина на садниот материјал, забелешка, важност на уверението, потпис на лицето кое ја вршело стручната контрола и на одговорното лице на овластената институција и место за печат.

Образецот на уверението од став 1 на овој член е даден во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09 - 12548/1
1 октомври 2008 година

Скопје

Министер,

Ацо Спасеноски, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**До**
Овластена институција
____________________

**БАРАЊЕ**

**ЗА СТРУЧНА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ**

Назив на правно лице: __________________________________________
Адреса и седиште: __________________________________________
Општина: __________________________________________
ЕДБС : __________________________________________

1. **Име и локација на расадникот:** __________________________________

2. **За саден материјал чие производство е во тек**:

| Дрвен вид | Количина | Старост | Категорија | Бр. на уверението за потекло | Начин или метод на производство (класично/ контејнерско) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**Барател**

________________________

**ПРИЛОГ 2**

**Овластена институција**
**Арх.бр._____________**

**Дата** _____________

## УВЕРЕНИЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

| | |
|---|---|
| **Податоци за производителот** | |
| Назив и седиште на производителот: | |
| Име и локација на расадникот: | |
| **Податоци за основниот материјал од кој е добиен репродуктивниот материјал** | |
| Дрвен вид (латинско и народно име): | |
| Тип на признат основен материјал: | |
| Број на признатa единица од Регистарот на признат основен материјал : | |
| Провениенциско подрачје (идентиф. код): | |
| **Податоци за репродуктивниот материјал** | |
| Потекло на репродуктивниот материјал и број на уверението за потекло: | |
| Категорија на репродуктивниот материјал: | |
| Тип на садниот материјал: (сејанец/пресаденица) | |
| Начин на производство: (класично/контејнерско) | |
| Вид на производство на садниот материјал: (генеративно/вегетативно) | |
| **Квалитет и класа на садниот материјал** | |
| Старост на садниот материјал: | |
| Средна височина на садниот материјал: | |
| Средна дебелина на кореновиот врат: | |
| Класа на садниците: | |
| Намена на садниот материјал: | |
| Количина на садниот материјал: | |
| **ЗАБЕЛЕШКА:** | |

Уверението има важност до __________ година.

Стручна контрола извршил:

____________________

**Одговорно лице на**
**овластената институција**

**(м.п.)** __________________________